ЗУН-01/2014

Број: 02-3894/6 од 29.12.2014 год.
Датум на примена: 01.01.2015

ДОПОЛНИТЕЛНИ УСЛОВИ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА МЛАДИ НЕРОДНИ ОВОШНИ И ЛОЗОВИ НАСАДИ ДО СТАПУВАЊЕ ВО РОД

ПРЕДМЕТ НА ОСИГУРУВАЊЕ
Член 1

(1) Предмет на осигурување се млади неродни овошни и лозови насади од моментот на засадување па се додека не почнат да раѓаат. Осигурувањето кај младите неродни овошни насади го опфаќа стеблото, а кај младите неродни лозови насади - пенушките. Потпирачите (бетонски или дрвени колци, жица и др.) не се предмет на осигурување.

ОСИГУРЕНИ ОПАСНОСТИ
Член 2

(1) Осигурувачот е во обврска за надомест од осигурување за штети предизвикани со оштетување или уништување на осигурените млади овошни и лозови насади од: град, пожар, удар од гром, луња, снежна лавина, тежина на снег и мраз како и лизгање и одронување на земјиштето.
(2) Осигурувачот не е во обврска да ги надомести трошоците за санација на теренот кој се одронува или лизга.
(3) Осигурувачот е во обврска да ги надомести штетите од осигурувањето само за потполно уништени стебла,односно пенушки. За оштетените стебла, односно пенушки осигурувачот плаќа надомест во висина на вонредните трошоци за спасување.

СУМА НА ОСИГУРУВАЊЕ
Член 3

(1) Стеблата и пенушките се осигуруваат на износ кој ќе го одреди осигуреникот, со тоа што износот не може да ги помине трошоците за нивно подигање и нега на насадите.
(2) Сумата на осигурување се утврдува посебно секоја година на траење на осигурувањето, односно подигнување на насадите.
(3) Сумата на осигурување се утврдува врз основа на вкупните трошоци (вложувања) со тоа што се собираат трошоците остварени во претходните години, сметајќи од првата година на подигнувањето на насадот и на нив се додаваат планираните трошоци за тековната година.
Сумата на осигурување се утврдува по едно стебло или пенушка, како и за вкупниот број стебла или пенушки.
(4) Трошоците за уредување на земјиштето, односно неговото оспособување за засадување (мелиорација, спречување на ерозија и др.) како и трошоците за потпирачи односно арматура, не се дел од сумата на осигурување.

ПОЧЕТОК И ПРЕСТАНОК НА ОБВРСКАТА НА ОСИГУРУВАЧОТ
Член 4

(1) Обврската на осигурувачот да плати надомест од осигурувањето почнува по истек на 24 часот од денот кој во полисата за осигурување е означен како почеток на осигурувањето, доколку се исполнети условите од член 5 став 1 и 2 од Посебните услови за осигурување на посеви и плодови.
(2) Обврската на осигурувачот да плати надомест од осигурувањето престанува по истекот на една година од склучување на осигурувањето, а во годината на преведување на насадот во основно средство во 24 часот на денот на почнување на цветање.

УТВРДУВАЊЕ И ПРОЦЕНА НА ШТЕТА
Член 5

(1) Надоместот на штетата се утврдува, односно проценува во соодветни агротехнички рокови, но во секој случај најдоцна до почетокот до следната вегетација.
(2) Со проценатa на штетата се утврдува бројот на потполно уништени стебла или пенушки на осигурениот насад,односно парцела, како и бројот на оштетени стебла или пенушки и процент на нивното оштетување.
(3) Потполно уништените стебла, односно пенушки се сметаат оние стебла или пенушки кои се исушени или станале неспособни за понатамошна вегетација и производство.
Ако од вкупниот број на стебла или пенушки потполно се уништени:
1) во првата година на вегетација 60 %
2) во втората година 50 %
3) во подоцнежните години 40 %

се смета дека настанала потполна (тотална) штета на целиот насад односно парцела.
(4) Делумна штета се смета онаа штета кај која стеблата на овошјата, односно лозовите пенушки се оштетени но останале способни за понатамошна вегетација и производство.
(5) Висина на надоместот од осигурувањето се утврдува:
1) ако настанала потполна (тотална) штета на целиот насад односно парцела во висина на трошоците за подигнување и нега на насадот кои се остварени до моментот на настанување на штетата, но најмногу до сумата на осигурување;
2) ако штетата е делумна – во висина на вонредните трошоци потребни за спасување на оштетениот насад (дополнително прскање, режење и др.) кои помеѓу осигуреникот и осигурувачот ќе бидат договорени и остварени од настанување на осигурениот случај до почетокот на вегетацијата во наредната година. Овие трошоци се надоместуваат најмногу до 25 % од сумата на осигурување;
3) ако покрај делумното оштетување на стеблата или пенушките има и потполно уништени, делумна штета се пресметува во смисла на точка 2 ,а тоталната штета во смисла на точка 1 од овој став,со тоа што пресметката се врши по едно стебло или пенушка.

(6) При утврдување на висината на надоместот по овие услови не се применуваат одредбите од член 9 став (1) и (4) од Посебните услови за осигурување на посеви и плодови за интегрална франшиза и одбитоците за неостварени трошоци во производство.

ВАЖНОСТ НА ПОСЕБНИТЕ УСЛОВИ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА ПОСЕВИ И ПЛОДОВИ
Член 6

(1) На осигурувањата склучени по овие Дополнителни услови, се применуваат и Посебните услови за осигурување на посеви и плодови, доколку не се во спротивност со овие Дополнителни услови.

ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 7

(1) Овие Дополнителни услови влегуваат во сила со денот на донесувањето, а ќе се применуваат од 01.01.2015 година, со што престануваат да важат Посебните услови за осигурување на млади неродни овошни и лозови насади до стапување во род донесени од страна на Одборот на директори од 24.12.1993 година.